АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 12.02.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 597/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај

3. **Датум на извршување на надзорот:** 12 февруари 2026 година

4. **Предмет на надзорот:**

- **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

- **Член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има најмалку: ...7 (седум) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д1-Скопје“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** На 11.11.2025 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-4794/1) до ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, со кој побара во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи (Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2, издадени од Агенцијата за вработување на РС Македонија - АВРСМ) од кои ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните

кадровски услови. Дописот беше примен од страна на радиодифузерот на 2.12.2025 година, а рокот за доставување на документите истече на 9.12.2025 година. Бидејќи заклучно со 10.12.2025 година радиодифузерот не ги достави потребните документи, Агенцијата повторно писмено се обрати до него (допис бр. 03-5348/1 од 11.12.2025 година) и побара истите да ги достави во рок од седум дена.

На 17.12.2025 година, ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај достави до Агенцијата Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување (Обрасци М1/М2) за шест лица вработени во телевизијата во редовен работен однос и со полно работно време, и документ „Пријава за потреба од работник“ што го доставиле до Агенцијата за вработување како доказ дека е објавен оглас за вработување на едно лице, на работно место монтажер.

На 23.1.2026 година Агенцијата писмено се обрати до АВРСМ и побара податоци за бројот на вработени во оваа телевизија. Според податоците што АВРСМ ги достави на 28.1.2026 година, *„...за правното лице Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај со ЕМБС 5007321 и ЕДБ 4030995109558,* ***бројот на вработени на 23.01.2026 година изнесува 6****, а на 31.12.2025 година изнесува 6*“.

На 30.1.2026 година Агенција испрати уште еден допис до ТВ ЕДО со кој побара, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да ја информира за актуелната состојба во врска со распишаниот оглас и, доколку постапката за вработување не е завршена, да ја извести за причините и за очекуваниот рок за нејзиното завршување. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 2.2.2026 година, а заклучно со 11.2.2026 година до Агенцијата не беше доставен никаков документ.

На 12.2.2026 година, АВМУ обезбеди од АВРСМ нови податоци за бројот на вработени во ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај. Според нив *„... бројот на вработени во гореспоменатото правно лице на 29.01.2026 година изнесува 6, а на* ***11.02.2026 година изнесува 6***“.

**7. Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за иматело на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***